Во врска со барање, доставено до Државаната комисија за спречување на корупцијата, а со кое се бара мислење дали постои судир на интереси кај лице кое е член на Управен одбор и заменик претседател на здружение на граѓани и истовремено е вработен во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како административен службеник на работно место со звање советник, Државната комисија за спречување на корупцијата по прибирање на releвантните информации и податоци и утврдување на фактичка состојба во конкретната ситуација, од апсект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Р. Мкаедонија" бр.12/2019) го дава следното:

## МИСЛЕЊЕ

Не постои судир на интереси кога вработен во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство како административен службеник на работно место со звање советник воедно е и член на Управниот одбор и заменик претседател на непрофитното здружение на граѓани.

Воедно, Државната комисија за спречување на корупцијата, како надлежна за спроведување на мерките и активностите за спречување на корупцијата, како и мерките и активностите за спречување на судирот на интереси, согласно со одредбите од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси, укажува на потребата при вршењето на своите службени должности, како вработен административен службеник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и превземањето на должностите и одговорностите, како член на Управниот одбор и заменик претседател на здружението на граѓани да го има во предвид начелото на интегритет и да постапува во согласност со член 72, 73 и член 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ( ЗСКСИ), според кои :

Службеното лие во своето работење е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување ( член 72 став 1)

Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа го извести својот претпоставен ( член 72 став 2)

Ако службеното лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето. Ваквото соопштување на приватен интерес, органот или телото е должно да го констатира и внесе во записник. Прикривањето на постоење на

приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со закон ( член 73 од ЗСКСИ)

Исто така кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре за своето постапување ( член 75 став 1 )

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk